# ОДГОВОР
## на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

Од страна на законскиот застапник на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 29.01.2015 година доставени се Забелешки („коментари по нацрт извештајот на овластен државен Ревизор за извршена ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Јавното претпријатие за државни патишта“) на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност- Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија во Јавното претпријатие за државни патишта, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-37/4.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

Упатените забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор по својата содржина „не претставуваат забелешки“. Законскиот застапник известува за преземените мерки по дадените препораки и тоа како што следува:

- За дадената **препорака бр.1** која се однесува на продолжување на активностите за пополнување на испразнетите работни места на раководители на сектори, поврзано со констатацијата во точка 2.1.1. Контролно опкружување од делот Ревизорски наоди од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, законскиот застапник известува дека делумно е постапено по препораката, односно пополнето е работното место Раководител на Сектор за правни работи за што во прилог е доставена Одлука за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на јавен службеник бр.04-9519/1 од 27.11.2014 година. Во исто време до Министерството за финансии поднесено е барање за согласност за вработување на неопределено време за работно место Раководител на Сектор за финансиски прашања бр. 04-40/1 од 05.01.2015 година кое исто така е доставено во прилог. Преземените активности ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор;
- За дадената **препорака бр. 2** која се однесува на потребата од продолжување на активностите за ажурирање на Стратегијата за управување со ризици, поврзано со констатацијата во точка 2.1.2. Управување со ризици од делот Ревизорски наоди од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, законскиот застапник известува дека препораката е спроведена односно донесена е нова Стратегија за управување со ризици и истата е доставена во прилог. Преземените активности соодветно ќе бидат обелодените во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор а дадената препорака преиначена во насока

на донесување на Стратегијата за управување со ризици од страна на управниот одбор;

- За дадената **препорака бр. 4** која се однесува на продолжување на активностите за барање на согласности за вработување на внатрешни ревизори, поврзано со констатацијата во точка 3.2. Организациона поставеност и кадровска екипираност на внатрешната ревизија во делот Ревизорски наоди од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, законскиот застапник известува за преземените активности, односно поднесено е барање бр.04-40/1 од 05.01.2015 година до Министерството за финансии за согласност за вработување на неопределено време за две лица за работно место Советник – внатрешен ревизор во Одделението за внатрешна ревизија кое е доставено во прилог. Преземените активности соодветно ќе бидат обелодените во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор;
- За дадената **препорака бр.5** која се однесува на потребата од преземање мерки и активности во правец на изедначување на бројот на бодовите за плата на раководителот на ЕВР со раководителите на исто хиерархиско ниво, поврзано со констатацијата во точка 3.2. Организациона поставеност и кадровска екипираност на внатрешната ревизија во делот Ревизорски наоди од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, законскиот застапник известува за активностите кои ќе бидат преземени во иднина за надминување на утврдената состојба.